СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА	10.03.2025 ГОДИНА БРОЈ 3 ГОДИНА 2025 КРИВОГАШТАНИ	Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019 Народна банка на РМ ЕДБ 4021004146176

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК

за прогласување на Одлука за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот: ,,Изградба на дел од локален пат Бела Црква-Трновци со изградба на мост на Река Црна-Фаза патна инфраструктура,,.

1. Се прогласува на Одлуката за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот: ,,Изградба на дел од локален пат Бела Црква-Трновци со изградба на мост на Река Црна-Фаза патна инфраструктура,,.

2. Одлуката за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот: ,,Изградба на дел од локален пат Бела Црква-Трновци со изградба на мост на Река Црна-Фаза патна инфраструктура,, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-378/2
10.03.2025 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ”, број 5/2002) и член 15 став 1 точка 4 и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (Сл.гласник на Општина Кривогаштани број 3/11, 17/14,10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 10.03.2025 година, донесе

Одлука

за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот:

„ ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛЕН ПАТ БЕЛА ЦРКВА-ТРНОВЦИ СО ИЗГРАДБА НА МОСТ НА РЕКА ЦРНА-ФАЗА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

член 1

За реализација на проектот „ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛЕН ПАТ БЕЛА ЦРКВА-ТРНОВЦИ СО ИЗГРАДБА НА МОСТ НА РЕКА ЦРНА-ФАЗА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА, поддржан од Министерство за транспорт со средства во висина од 3.742.255,00 денари, поради недостаток на финансиски средства за реализација на набавката, се врши надополнување на средства од буџетот на Општина Кривогаштани.

член 2

Општина Кривогаштани ќе кофинансира во реализацијата на проектот со средства од Буџетот на општината во висина од 700.000 денари, предвидени во ставка ЈДА 482120.

член 3

Одлуката влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-363/3
10.03.2025 година
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

СОДРЖИНА

на акти донесени на 60-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 10.03.2025 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани

1.Заклучок за прогласување на Одлука за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот: ,,Изградба на дел од локален пат Бела Црква-Трновци со изградба на мост на Река Црна-Фаза патна инфраструктура.....1

- Одлука за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот: ,,Изградба на дел од локален пат Бела Црква-Трновци со изградба на мост на Река Црна-Фаза патна инфраструктура.....2

Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности
Тираж: 20 примероци